INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

Sweden Sverige

KVINNA KVINNA



# *Неформална школа* „Феминистичко образование за сите 2023“

*октомври - декември 2023*

# Неформална школа „Феминистичко образование за сите 2023“

*Силабус и агенда*

АГЕНДА

16 октомври 2023 / 18.30 часот
Катерина Колозова
„Историја на феминизмот со фокус на најновите трендови во 21 век“

17 октомври 2023 / 18.30 часот
Катерина Колозова
„ Феминизам и марксизам“

31 октомври 2023 / 18.30 часот
Катерина Колозова
„ Интерсекционалност, со фокус на жени со посебни потреби, сексуалност и млади“

15 ноември 2023 / 18.30 часот
Ана Блажева
„Феминистичка перспектива кон кризата со менталното здравје“

18 ноември 2023 / 18.30 часот
Албулена Ибраими
„Ислам и феминизам“

23 ноември 2023 / 18.30 часот
Викторија Боровска
„Феминистички перспективи на мајчинството“

4 декември 2023 / 18.30 часот
„Презентации на партиципантите“

*16 октомври 2023 / 18.30 часот*

Катерина Колозова

„Историја на феминизмот со фокус на најновите трендови во 21 век“

Во овој курс модуларно ќе ги покриеме темите, како на историјата така и на ксенофеминизмот и марксизмот (кој ќе биде дискутиран во посебна сесија, исто така)

Курсот ќе ги претстави основните идеи, движења и авторитети во историјата на феминистичките идеи. Бидејќи феминизмот како идеја го лоцираме како историски поврзан со раѓањето на модерната држава и идејата за граѓанството како Суверен (наспроти монархизмот и феудализмот), а со тоа и правото на глас на граѓанките, курсот почнува со идеите на просветителската ера, и авторки како Мери Волстонкрафт, Олимпија де Гуж. Секако периодот на сифражетството и борбата за право на глас ќе биде покриена а со тоа и зошто е важно правото на глас и кои други основни права ги гарантира или имплицира. Ќе зборуваме и за Симон де Бовоар и вториот бран. Во приодот кон историчноста ќе примениме перспектива на „гледање во ретровизор," и како идеите од некогаш го обликуваат она што е авторитетна мисла денес – а тоа е третиот бран, и неговата филозофска подлога, „постструктурализмот" (што многумина во секојдневниот говор го нарекуваат „конструктивизам"), со Џудит Батлер како една од најавторитетните фигури.

Од 2006 наваму, со појавата на т.н., спекулативен реализам и други форми на критика на „постмодерната" парадигма и нејзиниот затскриен антропоцентризам и хуманизам, се раѓа новиот бран на критика која се труди да оди отаде третиот бран, но не назад ами напред со постхуманизмот како водечка нишка на мислата. Тука се феминистичкиот материјализам на школата во Утрехт, новите верзии на феминистички марксизам, и конечно феминистичкиот одговор на спекулативниот реализам. Последниот бран кој го предизвика постструктурализмот се нарекува ксенофеминизам, со сите негови интерни контрадикции и внатрешни разлики од идеолошка и филозофска природа.

Четива:

Катерина Колозова, Поглавјето „Постструктурализам“ за Oxford Handbook of Feminist Philosophy, 2021

Laboria Cuboniks , XENOFEMINISM A Politics for Alienation, available at https://laboriacuboniks.net/manifesto/xenofeminism-a-politics-for-alienation/ (постои превод и на македонски, онлајн, побарајте го со ксенофеминизам)

*17 октомври 2023 / 18.30 часот*

Катерина Колозова

„Феминизам и марксизам“

Курсот ќе се осврне на историјата на феминизмот и марксизмот но не од аспект на тоа што марксистичкиот канон признал како марксистички феминизам, ами обратно, од феминистичка перспектива. Феминистичките мислителки како Шуламит Фајерстоун, Лис Иригаре, или Дона Харавеј, ретко ќе ги најдете на иста листа со Силвија Федеричи за која владее некаков консензус дека е марксистичка феминистка. Сепак, таквата ограничувачка класификација е должи на перспектива која сама по себе не е вистински или доволно феминистичка. Авторките кои ги спомнуваме, иако според многу поврзувани со постструктурализмот, отворено ја поврзуваат и базираат својата мисла на Маркс (и тоа повеќе токму Маркс одошто ортодоксниот Марксизам). Денес, во ерата на доцниот капитализам, потребно е на прашањето да му пристапиме од овој аспект на марксистичка метода на модерната епоха, не само на економската база ами и на „надградбата“ (културата, итн.)

Четива:
5 и 6 поглавје од Катерина Колозова, Capitalism’s Holocaust of Animals, London UK: Bloomsbury Academic (ПДФ ќе ви биде доставен). Не очекуваме да се запознавате со идеите и толкувањата на проф. Колозова, туку ги нудиме овие поглавја затоа што обезбедуваат кус но исцрпен преглед на мислителките споменати во описот.

*31 октомври 2023 / 18.30 часот*

Катерина Колозова

„Интерсекционалност, со фокус на жени со посебни потреби, сексуалност и млади“

Интерсекционалноста е методолошка и критичка рамка која ни овозможува да ја разбереме сложената интеракција на различни општествени идентитети и искуства на дискриминација. Во основното предавање, ќе се фокусираме на пресекот на полот, попреченоста и сексуалноста, особено нагласувајќи ги искуствата на младите жени. Интерсекционалноста претпоставува дека поединците овоплотуваат (ги преживуваат телесно) повеќе вкрстувачки идентитети, како што се раса, пол, попреченост, сексуалност и социо-економски статус. Овие вкрстени идентитети создаваат уникатни искуства на дискриминација и привилегии, кои мора да се земат предвид кога се решава социјалната нееднаквост. Во ова предавање, се концентрираме на младите жени кои живеат со посебни потреби и ја насочуваат својата сексуалност во оваа интерсекциона рамка. Младите жени со попреченост се соочуваат со сложени предизвици во однос на општествените ставови, бариерите за пристапност и стереотипите поврзани и со полот и со попреченоста. Нивните искуства за сексуалноста често се занемаруваат или хиперсексуализираат, нагласувајќи ја потребата за понијансирано разбирање. За ова ќе користиме доста извори од теренски истражувања спроведени од Институтот кои вклучуваат бројни лични приказни.

Четива:

„Мапирање на маргините: интерсекционалност, идентитетска политика и насилство против обоените жени“ од Кимберли Креншо. Ова основно дело го воведува концептот на интерсекционалност и неговите импликации за разбирање на дискриминацијата со која се соочуваат маргинализираните поединци. (Достапно на англиски, во ПДФ)

„Попреченост и сексуалност: Истражување на опцијата за интимност“ од Даниел Шејпук. Ова дело навлегува во уникатните искуства и предизвици со кои

се соочуваат лицата со попреченост во однос на сексуалноста, расветлувајќи го пресекот на попреченоста и сексуалниот идентитет, што е особено релевантно за младите жени. (Достапно на англиски во ПДФ)

Доколку јазикот е пречка, дополнително ќе понудиме супститути на македонски, албански и други од локалните јазици

*15 ноември 2023 / 18.30 часот*

Ана Блажева

„Феминистичка перспектива кон кризата со менталното здравје“

Предавањето ќе одговори на прашањето зошто е важна феминистичката перспектива во разбирањето и справувањето со кризата на менталното здравје што ја живееме. Во предавањето ќе бидат прикажани феминистичките политики и стратегии што имаат за цел преиспитување на доминатните политички стратегии на владеење во контекст на различните кризи со кои сме соочени – особено климатската, социјалната и економската. Особен фокус на кризата на менталното здравје е насочена кон објаснување на тоа како настанува пресекувањето на социјалните и политичките динамики врз секојдневниот живот и искуства на луѓето преку афектите врз психичкото функцинирање и релациите. Во таа насока ќе биде направен пресек на афективните текови на современата феминистичка теорија и новите знаења од невронауките особено во насока на разбирање на релациската димензија на трауматското искуство. Системската траума се однесува на искуствата во социјален контекст кои ја загрозуваат потребата за сигурност, припаѓање и достоинство и се резултат на повторена злоупотреба, потчинување, лишување преку системски ограничувања, сегрегација, ограничен пристап и сл. Искуствата на системска траума се третирата како еден од централните извори на стресот, анксиозноста и трауматизацијата, иако и бројни други индивидуални и срединскиі фактори придонесуваат кон контекст кој е неповолен за нивното севкупно здравје и добросостојба. Во предавањето преку феминистичките интервенции и политиките на грижа ќе понудиме перспективи и можности за поинаков одговор и справување со предизвиците на менталното здравје што ги живееме

Предложена литература:

• Fraser, Nancy and Honneth, Alex. 2003. Redistribution or Recognition: A Political-Philosophical Exchange. London: Verso.

• Wetherell, Margaret. 2012. Affect and Emotion: A New Social Science Un derstanding. London: SAGE Publications Ltd,

• Staci K. Haines (2019) “The Politics of Trauma: Somatics, Healing, and So cial Justice” North Atlantic Books Berkeley, California

• Cozolino, L. J. 2010. The neuroscience of psychotherapy: Healing the social brain. New York: W.W. Norton & Co.

*18 ноември 2023 / 18.30 часот*

Албулена Ибраими

„Ислам и феминизам“

Предметот „Ислам и феминизам“ ќе ги истражува и ќе ги донесе на виделина гласовите на жените во однос на егзегетите на Светото Писмо на Исламот. Традиционалното читање на светите списи од страна на мажите, често доведува до погрешно толкување, а повремено и се злоупотребува од мажот за да воспостави моќ и контрола над жената. Жените како: Азиза Ал Хибри, Асма Барлас, Фатима Мерсниси ќе го објаснат Исламот како што е напишан во оригинал, а нивните толкувања претставуваат конвергенција на феминизмот и исламот.

*23 ноември 2023 / 18.30 часот*

Викторија Боровска

„Феминистички перспективи на мајчинството“

Предавањето ќе даде увид на феминистичките аспекти на мајчинството и родовата перспектива кон промените кои настануваат кај улогите на мајчинство и татковство. Во предавањето ќе бидат прикажани мајчинство како институција и мајчинство како искуство.

Особен фокус ќе биде даден на идеолошките аспекти на митовите на мајчинстото како што се митот за „добра мајка" и мајчинскиот инстинкт. На предавањето ќе бидат прикажани и наоди од истражување на оваа тема.

Воедно ќе биде направен пресек со социјални конструкции кон жените кои немаат деца. Како посебен дел на ова предавање ќе бидат опфатени и општествеинте аспекти на постпородилната депресија со посебен осврт на феминистичките теории за постпородилната депресија – зошто таа не е само медицински термин.

Покрај овие аспекти на мајчинството, на предавањето ќе стане збор и за феминистичката проценка на репродуктивните технологии и медикализацијата при породувањето.

Феминистичките перспективи на мајчинството се занимаваат и со темата на феминизмот (женските репродуктивни права) и пронатализмот. Во овој дел ќе бидат обработени директните и индиректни пронаталистички политики, нивните особености и карактеристики.

Предложена литература:


- Боровска, В., 2022. Траектории на мајчинството: феминистичка перспектива и демистификација на идеологиите, Министерство за култура на Република Северна Македонија

- McMahon, M., 1995. Engendering motherhood: Identity and self transfor-mation in women’s Lives. The Guilford Press,New York.

- Chodorow, N.. 1999. The Reproduction of Mothering, Psychoanalysis and the Sociology of Gender. University of California Press, Berkley.

*4 декември 2023 / 18.30 часа*

Презентации на партиципантите

Последната сесија од неформалната школа „Феминистичко образование за сите“ е посветена на презентации од партиципантите. Во оваа сесија ги очекуваме вашите презентации, постери, вашите ставови.

www.isshs.edu.mk